**20111573421**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за инспекциски надзор,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 9 ноември 2011 година.

Бр. 07-4657/1
9 ноември 2011 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

Член 1

Во Законот за инспекциски надзор (“Службен весник на Република Македонија“ број 50/10 и 162/10), во членот 16 став (10) зборовите: „Министерството за правда” се заменуваат со зборовите: „Министерството за информатичко општество и администрација“.

Член 2

Во членот 17 став (3) зборовите: “министерот за правда“ се заменуваат со зборовите: “министерот за информатичко општество и администрација“.

Член 3

Во членот 18 став (8) зборовите: “Агенцијата за државни службеници“ се заменуваат со зборовите: “Министерството за информатичко општество и администрација“.

Член 4

Во членот 19 став 6 зборовите: “министерот за правда” се заменуваат со зборовите: “министерот за информатичко општество и администрација”.

Член 5

Во членот 20 став 1 зборовите: “министерот за правда” се заменува со зборовите: “министерот за информатичко општество и администрација”.

Во ставот (3) зборовите: "Агенцијата за државни службеници" се заменуваат со зборовите: "Агенцијата за администрација", а зборовите: "Министерството за правда" се заменуваат со зборовите: "Министерството за информатичко општество и администрација".

Во ставот (5) зборовите: "Министерството за правда" се заменуваат со зборовите: "Министерството за информатичко општество и администрација".

Во ставот (6) зборовите: "министерот за правда" се заменуваат со зборовите: "министерот за инфроматичко општество и администрација".

Член 6

Во членот 21 став (3) зборовите: "министерот за правда" се заменуваат со зборовите: "министерот за информатичко општество и администрација".

Член 7

Во членот 22 став (1) по алинејата 3 се додава нова алинеја 4, која гласи:

"- помошник главен инспектор."

Во ставот (2) по зборот "звањето" се додаваат зборовите: "помлад соработник и".

Во ставот (3) по зборот "звањето" се додаваат зборовите: "виш соработник и".

По ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:

"(5) Помошник на главен инспектор може да биде службеник кој ги исполнува условите за звањето помошник раководител на сектор од Законот за државните службеници."

Ставовите (5) и (6) стануваат ставови (6) и (7).

Член 8

Во членовите 37 став (9) и 40 став (2) зборовите: "министерот за правда" се заменуваат со зборовите: "министерот за инфроматичко општество и администрација".

Член 9

Во членот 41 став (4) зборот "прекинување" се заменува со зборот "запирање".

Член 10

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".